Бр./Nr 12-486/2
20-06-2025 г./v.

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на својата 19-та седница одржана на 02.06.2025 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-486/1 од 29.01.2025 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема основ за надлежно постапување согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-486/1 од 29.01.2025 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-486/1 од 29.01.2025 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител.

По увидот во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека истата не содржи наводи и сомнежи за постоење на корупција во смисла на дефиницијата за корупцијата од членот 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што оцени дека нема основ за нејзино надлежно постапување.

Имено, видно од пријавата е дека во истата се искажува незадоволство од извршен надзор над работата на ///, во рамките на /// од страна на ///. Во прилог

кон пријавата се доставени записници од ///, видно од кои е дека на субјектите на надзорот согласно со член 48 од Законот за научно – истражувачка дејност им се остава рок од три месеци за да постапат по дадените забелешки, а во спротивно да се донесе решение за бришење од Регистарот на субјектите за вршење на научно – истражувачката дејност.

Согласно со член 58 од Законот за научно – истражувачка дејност ( „Службен весник на РМ“ бр.46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16 и 53/16 и „Службен весник на РСМ“ бр.257/20, 163/21, 64/24 и 235/24), Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон врши Министерството.

Согласно со член 53 од истиот закон, Министерството води Регистар на субјектите за вршење на научно – истражувачката дејност согласно со Законот за општата управна постапка. Министерот ја пропишува формата, содржината и начинот на водењето на Регистарот на субјектите за вршење на научно – истражувачката дејност. Решение за запишување во Регистарот на субјектите кои вршат научно – истражувачка дејност донесува Министерството доколку се исполнети условите предвидени со овој закон.

Согласно со член 48 од истиот закон, доколку Министерството утврди дека субјектите за вршење на научно – истражувачката дејност не ги исполнуваат условите предвидени со овој закон, ќе определи рок за нивно исполнување кој не може да биде подолг од шест месеца. Доколку субјектите за вршење на научно – истражувачката дејност во предвидениот рок од ставот 1 на овој член, не ги исполнат условите предвидени со овој закон, Министерството донесува решение за бришење од Регистарот на субјектите за вршење на научно – истражувачката дејност, за што го известува основачот. Против конечното решение на Министерството од ставот 2 на овој член, може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Од погоре цитираните законски одредби јасно произлегува дека против актот на јавниот орган, во конкретниот случај ///, е загарантирана судска заштита во управен спор, поради што нема основ за надлежно постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Поради наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: С. С. М., член

Доставено до:
- Подносителот.